Совет на Општина Шуто Оризари
Konsili ki Komuna Suto Orizari – Këshili I Komunës Shuto Orizare
Република Македонија- Republika Makedonija- Republika e Maqedonia

Бр. NO, Num 08/249/11
29.02. 2024 год/ bers/ vita
СКОРЈЕ/ SKOPJE/ SHKUP

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 36, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Шуто Оризари, (,,Службен Гласник на Општина Шуто Оризари'' бр.1/97) член 15 став 5 од Законот за градежното земјиште,("Службен весник на РМ"бр.144/12,153/12,59/13,15/15,98/15,193/15,226/15,31/16,142/16,190/16) (,,Службен весник на РСМ'' бр.275/19) и член 59 став 12 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15,217/15,226/15,30/16, 31/16, 39/16 и 71/16, 132/16, 35/18, 64/18,168/18,244/19) и (,,Службен весник на РСМ'' бр.18/20, 279/20 и 227/22), Советот на Општина Шуто Оризари на својата 29-та (дваесетидеветта) седница одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

За ослободување од надоместок по доставената Пресметка од Град Скопје со арх.број 24/13-2288/1-ПР од 27.02.2024 година за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за доградба и надградба на општинската зграда на улица ,,Хаџи Јован Шишко'' бр.36

Член 1

Општина Шуто Оризари, со помош и соработка , со финансиските средства одобрени од Кралството Норвешка, имплементирани од Програма за развој на Обединети нации-УНДП ќе инвестира во доградба и надградба на општинската зграда на улица.,,Јордан Хаџи Шишков'' бр.36.

Член 2

Општина Шуто Оризари, како коинвеститор, финансиските средства, предвидени за надоместок за уредување на градежно земјиште, за делот од 40%, во износ од 583.551,00 (петстотиниосумдеситетриилјадиипетстотинипедесетиеден) денари, кој припаѓа на општината, ќе ги инвестира за доградба и надградба на општинската зграда на КП 1750 КО Бутел коплекс 24/4 на ул.,, Хаџи Јован Шишко'' бр.36 на подрачјето на Општина Шуто Оризари, како многу значаен објект од јавен интерес, со кој се подобруваат условите за работа и функционирање и се зголемува просторниот капацитет на општинската зграда.Поради недоволните финансиски средства, Советот на Општина Шуто Оризари, го овластува Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, да поднесе барање до Град Скопје, за ослободување од надоместокот за уредување на градежно земјиште за преостанатиот дел од 60%, во износ од 875.327,00 (осумстотиниседумдеситипетилјадиитристотиниидваесети седум) денари, кои исто така општината ќе ги инвестира во доградбата и надградбата на општинската зграда.

Член 3

Доградбата и надградбата ќе се изврши согласно намената утврдена во деталниот урбанистички план за локалитетот на КП1750, КО Бутел, градежна парцела бр.8.49 комплекс 24/4, на подрачјето на Општина Шуто Оризари и целокупната проектно-техничка документација потребна за доградбаи надградба на општинската зграда и според проектите од проектната документација кои се изработени според содржините кои ги предвидуваат законските прописи.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник'' и веб страна www.sutoorizari.gov.mk. на Општина Шуто Оризари ".

Претседател на Совет

на Општина Шуто Оризари

Сеад Исмаил